Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година**

**Скопје, февруари 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:45 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Ајранит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Магдалена Филиповска-Грашкоска од претседател на Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија

На седницата не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Степен на реализација на капиталните инвестиции

1. Записник од Дваесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 1 февруари 2021 година

2. Предлог-одлука на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, за давање согласност за отпочнување на постапка на физичка делба на недвижен имот (објект)

3. Програма за работа за 2021 година на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

4. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

5. Информација за измена и дополнување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“, бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18) и Барање финансиски средства за отворање на работни места и пополнување со вработувања во новиот Сектор 112

6. Информација за кадровска екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање на инспекциските служби во Република Македонија за периодот 2020-2021 година

7. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2021 година

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

9. Деловен и финансиски извештај за 2019 година на Унијата на македонски професионалци асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес

10. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП Гевгелија ДП 03-34/20 (КП бр.3820/4 м.в. „Јосиф Јосифовски“ КО Гевгелија)

11. Предлог - одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово

12. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи

14. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров

15. Предлог - стратегија за производство на тутун за период 2021-2027 година, со Акционен план

16. Предлог - програма за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2021 година

17. Предлог - програма за изменување на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2021 година

18. Информација за реализација на стратешкиот документ Индустриска стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027 и Акциски план за 2018-2020

19. Информација за финансиската состојба на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост на централно ниво

20. Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија

21. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија КО Росоман, Општина Росоман, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Горно Лисиче-вон град, Општина Аеродром, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е3-некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица) КО Трабботивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на производен комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Желино, Општина Желино, со Предлог-одлука

26. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија и услуги Зиков ДООЕЛ Штип, со Предлог-одлука

27. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Илов с.Долни Балван Карбинци, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златко Вангелов ул. Желковец бр.9 Кавадарци, со Предлог-одлука

29. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Благој Јованов с.Долни Балван Карбинци, со Предлог-одлука

30. Информација за потребните средства за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион

31. Информација за состојбата на Хидросистемот „Дојранско Езеро"

32. Информација од Комисијата за оценка и предлог-кандидати за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции при Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог - кандидати за избор

33. Информација за преземените активности за редовно користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари

34. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1556 на Советот од 23 октомври 2020 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја

35. Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје (книги)

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје (книги)

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот институт" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје (книги)

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје (книги)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола (книги)

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје (книги)

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (книги)

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (книги)

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип (книги)

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (книги)

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Гоце Делчев“ Штип (книги)

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (книги)

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Библиотека „Кочо Рацин“ Тетово (книги)

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Браќа Миладиновци“ Струга (книги)

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“ - Гостивар (книги)

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ во Битола (книги)

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје (книги)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението Библиотека АЛ-БИ с. Бабино, Општина Демир Хисар (книги)

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Северна Македонија (книги)

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (книги)

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (книги)

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (книги)

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги)

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево (книги)

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (книги)

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (книги)

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (книги)

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (книги)

65. Барањето за давање на автентично толкување на член 136 став (6) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 104/2019, 146/19 и 275/19), поднесено од пратеникот Ане Лашкоска

66. Барање за давање на автентично толкување на член 124 став 1 точка 5 и член 130 став 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (,,Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14,44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20) и член 43 од преодни и завршни одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (,,Службен весник на Република Македонија" бр.248/18), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми

67. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2021 година

68. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.315/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 50-а од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), поднесена од Тефик Махмут од Скопје

69. Иницијатива поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.304/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020)

70. Иницијатива поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.305/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 28 став 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести и членот 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020 и 269/2020)

71. Понуда од нотар Фатмир Ајрули за купопродажба на недвижен имот со КП 858, дел 2, викано место/улица Рупа, Имотен лист бр.49246 за КО Бардовци

72. Понуда од нотар Џеват Буџи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир на КП бр.1036, КП бр.1037.КП бр.1038, КП бр.1048, КП бр.1049, КП бр.1056, КП бр.1255, КП бр.1258 место/улица Дижонска

73. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на сопственички дел од недвижен имот-земјиште кое претставува идеален дел од КП бр.10070/1, КП бр.10070/2, КП бр.10070/3 и КП бр.10070/4 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион евидентиран во Имотен лист број 94890 и недвижен имот-земјиште кое претставува идеален дел од КП бр.10077/1, КП бр.10077/2 и КП бр.10077/3 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион евидентиран во Имотен лист број 94891

74. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот кој се наоѓа во Скопје, нива во мв/ул. Песовци, катастарска култура 33, класа 2 во вкупна површина од 2568 $м^2$ КП 9270 дел 1 заведена во Имотен лист број 192086 за КО Драчево 2

75. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55123 за КО Прилеп на КП бр.20761/1 и КП бр.20761/2

76. Известување од извршител Даница Страчкова од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба доставен под И.бр.568/19 на недвижноста евидентирана на ИЛ 432 КО Матка - вон град која ќе се одржи на 4 февруари 2021 година

77. Кадровски прашања

78. Прашања и предлози

79. Информација за преземените мерки во однос на плановите за учество на Република Северна Македонија во ЕУБГ 2023/1 - HELBROC

80. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за декември 2020 година

81. Финансиски план на АД Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2021 година

82. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година

83. Информација за кредитни барања кои ги исполнуваат условите за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија)

84. Финансиски план на Агенција за вработување на Република Северна Македонија за 2021 година

85. Извештај за реализација на засилен инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за заштита од пушење, во однос на почитувањето на одредбите за забрана на пушење во јавни простории

86. Извештај за реализација на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2020 година
87. Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог - одлука

88. Предлог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2021 година

89. Предлог - одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2021 година

90. Предлог - одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2021 година

91. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година

92. Информација за набавка на софтверско решение за потребите на Оперативната работна група за Кодификација на правото и правниот поредок во Република Северна Македонија

93. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

94. Информација со измена и дополнување на Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците вработени преку К-5 Програмата, со текст на План

95. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците

96. Информација во врска со барање за ослободување од камата на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје бр.03-573/1 од 21.1.2021 година

97. Информација во врска со спроведување на постапка за присилно извршување на Одлуката во инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија (арбитражната постапка PCA Case No.2018-38) со прилог Полномошно за застапување

*

*         *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Степен на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Дваесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 1 февруари 2021 година.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за давање согласност за отпочнување на постапка на физичка делба на недвижен имот (објект) за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата по новиот текст на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст и

- Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за измена и дополнување на Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016 и 83/2018) и Барањето финансиски средства за отворање на работни места и пополнување со вработувања во новиот Сектор 112 и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Центарот за управување со кризи, во рок од еден месец да направи анализа

дали е потребно изменување и дополнување на законската регулатива, со цел воведување на Е-112 и доколку е тоа потребно, до Владата на Република Северна Македонија да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи.

**Точка 6**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за кадровска екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање на инспекциските служби во Република Македонија за периодот 2020-2021 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Планот за доекипирање на инспекциските служби во Република Македонија за периодот 2020-2021 година.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација со највисок приоритет да ги разгледаат и одобрат годишните планови за вработување на инспекциските служби за 2021 година, на сите инспекциски служби а особено на Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државниот инспекторат за транспорт, Државниот комунален инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го усвои Деловниот и финансиски извештај за 2019 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии, УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - одлуката за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП Гевгелија ДП 03-34/20 КП бр.3820/4 м.в.„Јосиф Јосифовски“ КО Гевгелија) и ја донесе Одлуката со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 13**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Размена Чекиќ -Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 14**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бела Вода и Чаршија“ Општина Ѓорче Петров, за наредната седница на Владата.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Стратегијата за производство на тутун за период 2021-2027 година, со Акционен план, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 16**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на стратешкиот документ Индустриска стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027 и Акциски план за 2018-2020 и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, а се препорачува на Фондот за иновации и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, до 15 февруари 2021 година, до Министерството за економија да предложат нови мерки или да ги потврдат постојните мерки за новиот акциски план за 2021-2023 година за имплементација на Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027, со предвиден буџет за имплементација.

2. Се задолжува Министерството за економија, до 15 март 2021 година, да достави до Владата нов акциски план за 2021-2023 година за имплементација на Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост на централно ниво и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на надлежните органи на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост кои имаат прикажано добивка/вишок на средства во Годишната сметка за 2019 година, а за која основачот/Собранието на акционери се уште нема дадено согласност на актите за финансиското работење во 2019 година, задолжително да достават до основачот/Собранието на акционери предлог-одлуки за распределување на добивката/вишокот на средства во Буџетот на Република Северна Македонија во најкраток можен рок.

2. Се задолжуваат надлежните органи на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост кои ќе прикажат добивка/вишок на средства во Годишната сметка за 2020 година, истите да ги распределат (наменат) за уплата во Буџетот на Република Северна Македонија.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука и

Министерството за труд и социјална политика во целост да ги почитуваат роковите утврдени во усвоените Планови за јавни набавки и да обезбедат квалитетна изработка на тендерската документација пред нејзино доставување во Секторот за централно финансирање и склучување на договори.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика веднаш да пристапат кон подготовка на Акциски план по дадениот Образец во прилог на оваа Информација (Прилог бр.2) со кој ќе предложат активности за забрзување на динамиката на реализацијата на секој проект во рамки на усвоениот План за јавни набавки и најдоцна до крајот на секој месец, да го достават пополнетиот Акцискиот план до Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување на договори.

3. Се задолжува Министерството за финансии на месечна основа, најдоцна до 15-ти секој месец, да ја информира Владата за статусот на проектите кои се финансираат во рамки на ИПА 2.

4. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика на месечна основа да ја информираат Владата за реализацијата на Акцискиот план, преземените активности и причините за отстапување од наведената временска динамика.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 15 март 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Поддршка на структурата на ИПА-ОП во планирање на проекти и управување со финансии во секторот за животна средина".

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 15 февруари 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за мониторинг на животната средина и информациски систем".

7. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 15 март 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Набавка на канцелариска и техничка опрема и ИКТ-софтвер за оперативната структура на Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на SOPECA 2014-2020".

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 12 февруари 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Изградба на прочистителна станица за отпадни води во Општина Битола и Рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола".

9. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 19 март 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Изградба на прочистителна станица за отпадни води во Општина Тетово и Продолжување на канализационата мрежа во Општина Тетово".

10. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 31 март 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Техничка ревизија за големи проекти за отпадни води“.

11. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање најдоцна до 19 февруари 2021 година до Секретаријатот за европски прашања да достави ревидирана ИПА Апликација за проектот „Изградба на централен објект за управување со отпад - Фабрика за сортирање, погон МБТ, депонија, постројка за компостирање, зелена точка за источниот и североисточниот регион во Свети Николе“ и „Изградба на шест локални објекти за управување со отпад - станици за трансфер, постројки за компостирање и зелени точки за Источен и Североисточен Регион“.

12. Се задолжува Министерството за транспорт и врски најдоцна до 15 февруари 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Изградба на железничка делница од Крива Паланка - граница со Република Бугарија“.

13. Се задолжува Министерството за транспорт и врски најдоцна до 15 февруари 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Надзор на изградба на железничка делница од Крива Паланка - граница со Република Бугарија“.

14. Се задолжува Министерството за транспорт и врски најдоцна до 19 февруари 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Изградба на нов експресен пат од Прилеп - мост на реката Ленишка и Изградба на трета лента на патната делница од село Беловодица - каменолом Маврово“.

15. Се задолжува Министерството за транспорт и врски најдоцна до 28 февруари 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Замена на заштитни огради според стандардите EN на автопатиштата на 100 километри на Коридорот 10“.

16. Се задолжува Министерството за транспорт и врски најдоцна до 12 март 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Набавка и инсталација на сигнализација на премините на ниво на железницата“.

17. Се задолжува Министерството за образование и наука најдоцна до 12 февруари 2021 година до Секторот за централно финансирање и склучување на договори да достави тендерска документација за проектот „Набавка на опрема - Понатамошна поддршка за спроведување на Националната рамка на квалификации“.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за

финансии, Царинската управа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за образование и наука, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Градот Скопје, Акционерското друштво Развојна банка на Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Скопје, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје, Јавното претпријатие ХС Злетовица - Пробиштип, Акционерското друштво Железници на Република Северна Македонија Транспорт - Скопје, Акционерското друштво Електрани на Северна Македонија - ЕСМ, Акционерското друштво МЕПСО, Акционерското друштво Национални енергетски ресурси - НЕР, Акционерското друштво М-НАВ и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, да пристапат кон подготовка на акциски план по дадениот образец со кој ќе предложат активности за забрзување на динамиката на реализацијата на секој проект во рамки на договорениот рок со финансиските институции и најдоцна до крајот на секој месец да го достават пополнетиот акциски план до Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за финансии на месечна основа, најдоцна до 15-ти секој месец, да ја информира Владата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја разгледа можноста и согласно законската регулатива да предложи решение и начин за подобрување на квалитетот на проектната документација во фаза на подготовка на проектите, како и начин за утврдување на одговорност на ревидентот за несоодветната ревизија на документацијата и во рок од 10 дена, да ја информира Владата.

4. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Царинската управа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда - Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за образование и наука, а се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, Градот Скопје, Акционерското друштво Развојна банка на Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, Јавното претпријатие Водовод и канализација - Скопје, Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје, Јавното претпријатие ХС Злетовица - Пробиштип, Акционерското друштво Железници на Република Северна Македонија Транспорт - Скопје, Акционерското друштво Електрани на Северна Македонија - ЕСМ, Акционерското друштво МЕПСО, Акционерското друштво Национални енергетски ресурси - НЕР, Акционерското друштво М-НАВ и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, во рок од 10 дена до Министерството за финансии да достават податоци за бројот на лица ангажирани во единиците за имплементација на проектите, трошоците по основ на износот на месечниот надоместок по работната позиција на секое лице, месечните оперативни трошоци на единиците за имплементација на проектите, како и изворот на средства од кој се подмируваат сите трошоци (заем, грант, сопствени средства или буџет на надлежната институција), за периодот од започнување на имплементацијата на проектите до, и заклучно со 31.12.2020 година.

Истовремено, Владата заклучи во приложената Табела со проектите да се промени статусот на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII - трета делница (Крива Паланка - Деве Баир, граница кон Р. Бугарија)“, со оглед на тоа што ИПА апликацијата на 21 јануари 2021 година е доставена до службите на Европската комисија и со тоа оваа активност е реализирана.

**Точка 22**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија КО Росоман, Општина Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија КО Росоман, Општина Росоман, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Горно Лисиче-вонград, Општина Аеродром, со Предлог-одлука (најнов текст) ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Горно Лисиче-вонград, Општина Аеродром, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е3-некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица) КО Троботивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Е3-некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица) КО Троботивиште, Општина Делчево, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на производен комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Желино, Општина Желино, со Предлог-одлука, го усвои и

ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на производен комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Желино, Општина Желино, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија и услуги Зиков ДООЕЛ Штип, со Предлог- одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлука за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 27**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Илов с. Долни Балван Карбинци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златко Вангелов ул. „Желковец“ бр.9 Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Благој Јованов с. Долни Балван Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребните средства за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен,

Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за обезбедување на заем од меѓународни финансиски организации за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки Регион во висина од 55.367.614,00 евра, најдоцна до 15 февруари 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе апликација до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 20 февруари 2021 година за обезбедување на средства во висина до 70% од инвестицијата (од вкупна инвестиција за Полог 17.370.614,00 евра) преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) на тековниот отворен повик за Инвестициски грантови (6-ти повик за инвестициски грантови дел 2).

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да поднесе апликација до Секретаријатот за европски прашања за обезбедување на средства во висина до 70% од инвестицијата за секоја од инвестициите, односно 10.784.200,00 евра за Југоисточен и Вардарски Регион и 15.813.700 ,00 евра за Пелагониски и Југозападен Регион, преку Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) на наредниот повик, најдоцна до 15 февруари 2021 година.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на Хидросистемот „Дојранско Езеро" и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со ЈП „Колекторски систем" Скопје да подготви и до крајот на февруари 2021 година до Владата да достави рекапитулар на капитални и оперативни трошоци за санација и работење на Хидросистемот „Дојранско Езеро", како би се утврдиле потребните финансиски средства за санација на Хидросистемот „Дојранско Езеро".

**<u>Точка 32</u>**

Владата ја разгледа Информацијата од Комисијата за оценка и предлог - кандидати за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции при Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог - кандидати за избор, ја усвои и го донесе Решението за разрешување и именување членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, усогласено со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 33</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за редовно користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање, најдоцна до 1 март 2021 година, во веб-апликацијата „Систем за собирање

и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари“, преку определените лица за корисници, да ги внесат односно ажурираат внесените податоци за сите кривични пријави, односно извештаи за случаи на корупција и перење пари доставени до основните јавни обвинителства во периодот јануари 2019 година - декември 2020 година, согласно Меморандумот за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изврши проверка на обезбедените технички ресурси за користење на веб-апликацијата „Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари“ за лицата кои ги определило за корисници од секторите за внатрешни работи, да обезбеди доволни технички ресурси за непречено користење на веб-апликацијата каде што недостигаат (функционален компјутер со интернет конекција) и за заклучоците од извршената проверка, односно за обезбедените технички ресурси за корисниците на Системот од секторите за внатрешни работи да го информира Министерството за правда, најдоцна до 1 март 2021 година.

Исто така, да се предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1556 на Советот од 23 октомври 2020 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 35**

Владата го разгледа Извештајот од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година и го усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа нацрт - стратешките планови за 2021-2023 година да ги усогласат со заклучните согледувања и препораки содржани во Извештајот од анализата на нацрт - стратешките планови на министерствата и другите органи на државна управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државна управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18) и да ги објават на своите веб страници.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултетот за земјоделски науки и храна“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот институт“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Медицинскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Архитектонскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Градежен факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Филозофскиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Гоце Делчев“ Штип (книги), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Природно математичкиот факултет“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (книги), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа библиотека „Кочо Рацин“ Тетово, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „Браќа Миладиновци“ Струга, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Национална установа Центар за култура „АСНОМ“ - Гостивар (книги), во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ во Битола (книги), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението Библиотека АЛ-БИ, с. Бабино, Општина Демир Хисар (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (книги), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар (книги), во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (книги), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 136 став (6) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 104/2019, 146/19 и 275/19), поднесено од пратеникот Ане Лашкоска и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 136 став (1) од Законот за заштита на децата, во рамките на категоријата А се утврдува следното ниво на работни места на раководители на објекти:
- ниво А1 раководител на објект на установа за деца.

Во ставот (6) од истиот член е утврдено дека вработените од ставот (1) треба да ги исполнуваат следните посебни услови:
- за ниво А1 со соодветно високо образование за вработени од редот на стручните работници од ниво Б1, Б2 и Б3, односно од редот на воспитувачи од ниво В1, В2, В3, најмалку пет години работно искуство во установата, со соодветна лиценца за работа за стручен работник односно за воспитувач.

Имајќи ги предвид горенаведените законски одредби, посебниот услов кој треба да го исполнува раководителот на објект во установа за деца е да има најмалку 5 години работно искуство во установата, на работно место стручен работник од ниво Б1, Б2 и Б3 (советник, ментор, стручен работник), или на работно место воспитувач од ниво В1, В2, В3 (советник, ментор, воспитувач) и да има соодветна лиценца за работа за стручен работник односно за воспитувач.

Со оглед на горенаведените правни аргументи се смета дека членот 136 став (6) од Законот за заштита на децата за кој се бара автентично толкување е доволно јасен и прецизен поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија барањето за автентично толкување да не го прифати, бидејќи во конкретниот случај нема потреба од автентично толкување.

**Точка 66**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 124 став 1 точка 5 и член 130 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и член 43 од преодни и завршни одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми и притоа го утврди следното мислење:

Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги е донесен во 2013 година и објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.184/2013. Предмет на

Законот е уредување на правата, обврските и одговорноста на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите. Со основниот Закон за аудио и аудио визуелни услуги кој е донесен од 2013 година, надлежен орган за спроведување на Законот е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги која всушност го заменува Советот за радиодифузија. Агенцијата е самостојно и независно, непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања основано од страна на Република Македонија. Таа е одговорна пред Собранието на Републиката, преку доставување на годишен извештај за своето работење и програма за работа до Собранието на Република Македонија. Покрај основањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот ги разработува нејзините надлежности како и надзорот кој го врши во делот па аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Покрај делот кој е посветен на Агенцијата, Законот предвидува и посебен дел кој е посветен на Јавниот радиодифузен сервис во кој врши регулирање на Македонската радио-телевизија - МРТ како вршител на функциите на јавен радиодифузен сервис. Законот предвидува за МРТ статус на јавно претпријатие кое работи независно од кој било државен орган, друго јавно правно лице или трговско друштво, а уредувачката и деловната политика на МРТ треба да биде непристрасна кон нив. Основач на МРТ е Република Македонија, а органи на МРТ се; Програмски совет, Надзорен одбор, директор и заменик на директорот. Целта на Програмскиот совет на МРТ е да ги штити интересите на јавноста во поглед на програмските содржини кои ги емитува и се грижи за остварување на интересите, целите и надлежностите на МРТ. Членовите на Програмскиот совет ги избира Собранието на Република Македонија на предлог на: Интеруниверзитетската конференција предлага кандидат за еден член, Националната установа Албански театар предлага кандидат за еден член, Националната установа Турски театар предлага кандидат за еден член, Мнозинското здружение на новинари предлага кандидати за два члена, Здружението на единиците на локалната самоуправа предлага кандидати за три члена и Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија предлага кандидати за пет члена, со мандат од шест години.

Програмскиот совет на МРТ ги има следниве надлежности:
-да го следи исполнувањето на програмските обврски, начелата и стандардите утврдени во овој закон, а во случај на нивно непочитување е должен писмено да го предупреди директорот на МРТ и може да побара од него да го прекине емитувањето на програмата,
-да ги следи коментарите и укажувањата па публиката во однос на емитуваната програма на МРТ и имајќи ги предвид истите може во писмена форма да побара од директорот на МРТ да го прилагоди обемот, структурата или севкупниот квалитет на програмската содржина,
-да донесе Деловник за своето работење,
-да ги избира и разрешува членовите на Надзорниот одбор на МРТ,
-да ги избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на МРТ,
-да донесе Статутот на МРТ,
-да го усвојува Годишниот извештај за работа за претходната година и Годишната програма за работа за наредната година на МРТ,
-да ја усвојува Програмата за развој на МРТ,
-да ги донесува општите правила за програмските и професионалните стандарди во МРТ и
-да ги донесува општите акти за работењето на МРТ утврдени во Статутот на МРТ.

Програмскиот совет на МРТ го избира директорот и заменик директорот на МРТ согласно постапка која е предвидена во Статутот на МРТ врз основа на претходно

спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа на МРТ. Директорот и заменик директорот на МРТ се избираат за период од три години со можност за повторен последователен избор.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од донесувањето во 2013 година е менуван и дополнуван 10 пати. Значајна измена на Законот е направена со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.248/2018 од 31.12.2018 година. Со овие измени се предвидуваат новини во делот на финансирањето, одговорноста на членовите на Советот на Агенцијата, изборот и мандатот на членовите на Советот на Агенцијата, изборот на директор на Агенцијата, финансирањето на МРТ, избор на членови на Програмскиот совет на МРТ, како и дополнување на условите за избор на директор и заменик директор на МРТ. Имено, согласно измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година, во постапката за избор на членови на Програмскиот совет на МРТ задолжително треба да се води сметка и за родовата застапеност на членовите, покрај соодветната и правична етничка застапеност. Значајна новина е што изборот на членови на Програмскиот совет на МРТ се врши со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија со истовремено мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Во членот 43 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/2018 од 31.12.2018 година), кој е преодна и завршна одредба се наведува:

(1) Постојните членови на Советот и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членовите на Програмскиот совет и директорот и заменик на директорот на МРТ ја вршат функцијата до изборот на членови на Советот и директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членови на Програмскиот совет и директор и заменик на директор на МРТ.

(2) Постојните членови на Советот и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членовите на Програмскиот совет и директорот и заменик на директорот на МРТ имаат право да поднесат кандидатура за членови на Совет и директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членови на Програмски совет и директор и заменик на директор на МРТ, согласно одредбите од овој закон.

(3) Советот на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ, именувани согласно со одредбите од овој закон ќе ги донесат подзаконските акти во рок од 60 дена од денот на нивниот избор.

(4) Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ од ставот (3) на овој член ќе донесат одлука за објавување на јавни конкурси за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директор и заменик директор на МРТ во рок од 15 дена од денот на донесувањето на деловниците за работа. Изборот на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директор и заменик директор на МРТ ќе се изврши во согласност со одредбите од овој закон и со деловниците за работа на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ.
Членовите на Програмскиот совет на МРТ се избрани на 15 декември 2014 година со мандат од 5 години, а Директорот и заменик директорот на МРТ се избрани на 1 март 2018 година со мандат од три години.

Согласно погоре наведеното, Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр.248/2018 од 31.12.2018 година) ги уредува точно и прецизно надлежностите на постојниот состав на Програмскиот совет на МРТ. Имено, во ставот 3 од членот 43 од Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/2018 од 31.12.2018 година), е наведено „Советот на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ, именувани согласно со одредбите од овој закон ќе ги донесат подзаконските акти во рок од 60 дена од денот на нивниот избор“, а во ставот 4 од истиот член се наведува дека „Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ од ставот (3) на овој член ќе донесат одлука за објавување на јавни конкурси за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директор и заменик директор на МРТ во рок од 15 дена од денот на донесувањето на деловниците за работа. Изборот на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директор и заменик директор на МРТ ќе се изврши во согласност со одредбите од овој закон и со деловниците за работа на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ.“.

На овој начин, законодавецот јасно укажува дека Советот на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ за да можат да ги носат подзаконски акти утврдени со Законот, како и да донесат одлуки за распишување на избори за директор на Агенцијата и директор и заменик директор на МТВ мораат да имаат статус на членови на советите (а не вршители на должност со времено продолжен мандат до избор на нови членови).

Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни услуги прави јасна разлика помеѓу постојните членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ како вршители на должност со времен мандат и надлежностите (правата и обврските) кои им се пропишани на членовите на овие совети кои треба да бидат избрани од Собранието на државата во постапка и под услови утврдени со истиот закон. Така, ставот 2 на член 43 од Законот пропишува: „Постојните членови на Советот и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членовите на Програмскиот совет и директорот и заменик на директорот на МРТ имаат право да поднесат кандидатура за членови на Совет и директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членови на Програмски совет и директор и заменик на директор на МРТ, согласно одредбите од овој закон“. Со други зборови, законодавецот дури и терминолошки прави дистинкција помеѓу т.н. стари членови на советите со продолжен мандат како вршители на должност и нив ги нарекува „постојни членови на Советот", а во поглед на новите членови на овие органи кои треба да се изберат од страна на Собранието на државата, се употребува терминот „Советот“. На „постојните членови“ им се дава право да се кандидираат и сл., а на „Советот“ му се дава надлежност да донесе подзаконски акти во определен рок и да распише избор за директор и заменик директор. Аргумент повеќе за разбирање на правната ситуација кој може да спроведе избор на директор и заменик директор на МТВ претставува содржината на членот 32 од Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/2018 од 31.12.2018 година) со кој се менува членот 118 од основниот Закон и се предвидува правична родова застапеност при избор на членовите од Програмскиот совет и менување на начинот на нивниот избор - од просто мнозинство во двотретинско мнозинство во Собранието.

Содржината на сите наведени одредби од Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни услуги, јасно укажуваат дека во него е направена јасна разлика во надлежностите на постојните вршители на должноста членови на Програмскиот совет од надлежностите на членовите на Програмскиот совет кои треба да бидат избрани во согласност со новата изборна постапка и новите начела утврдени со овој закон.

Оттука, изборот на директор и заменик на директор можат да го направат само членовите на Програмскиот совет кои се избрани во согласност со новите услови утврдени во измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Постојниот состав на Програмскиот совет ја нема таа надлежност, бидејќи неговите членови не се избрани од Собранието на Република Северна Македонија согласно законски пропишаната процедура, туку имаат статус на вршители на должност на членови на Програмски совет чиј мандат е продолжен за временски ограничен период - до избор на новите членови.

Преодните и завршните одредби на Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/2018 од 31.12.2018 година) предвидуваат законска обврска која има императивен карактер во делот на назначување на членови на Советот на Агенцијата и Програмскиот совет на МРТ согласно услови и постапка предвидени со членот 32 од Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/2018 од 31.12.2018 година). По изборот на членовите на Агенцијата и Програмскиот совет на МРТ ќе може согласно ставот 3 од членот 43 да ги донесат подзаконските акти во рок од 60 дена од денот на нивниот избор, додека согласно ставот 4 од истиот член да донесат одлука за објавување на јавни конкурси за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директор и заменик директор на МРТ во рок од 15 дена од денот на донесувањето на деловниците за работа, што би значело дека додека не се изберат членови на Агенцијата и Програмскиот совет на МРТ, а тие не ги донесат деловниците како подзаконски акти за работа кои се должни да ги донесат во рок од 60 дена од нивното именување, не може да објавуваат конкурси за избор на директор на Агенцијата и избор на директор и заменик директор на МРТ.
Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување, бидејќи предметните одредби од Законот се јасни и недвосмислени.

**<u>Точка 67</u>**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Финансискиот план е изготвен согласно член 158-њ од Законот за супервизија на осигурување, според кој Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување е должен, најдоцна до 31 декември во тековната година, да достави за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија финансиски план за наредната година.

Со Финансискиот план за 2021 година вкупните приходи на Агенцијата за супервизија на осигурување се планирани во износ од 101.173.865 денари. Планираните приходи за 2021 година се за 7,51% повисоки во однос на планираните приходи за 2020 година, што се должи на континуираниот раст на осигурителниот пазар и интересот за спроведување на обуки за осигурителен брокер и за застапник во осигурувањето.

Планираните расходите на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2021 година се планирани во износ од 133.873.865 денари и се повисоки за 41.47% во однос на планираните расходи за 2020 година, кога изнесувале 94.628.841 денар. Значително зголемувањето на расходите има ставката: 441-средства за опрема која бележи зголемување за 296,02% заради набавка на софтвер за прибирање, обработка и чување на супервизорски податоци од субјектите на пазарот на осигурување кој ќе ги задоволи барањата кои произлегуваат од Директивата Солвентност 2, ставката 409-други материјални расходи која е повисока за 31,82% во однос на 2020 година заради набавка на дезинфекциони средства, маски и друга заштитна опрема за работење, ставката 405-Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација која е повисока за 27,12% како резултат на зголемената потреба за промоција на улогата на осигурувањето во 2021 година со цел информирање и едукација на населението и јакнење на свеста за придобивките од осигурувањето, ставката 410-провизија на платен промет која е повисока за 33,33% заради зголемениот обем на работа на Агенцијата за супервизија на осигурување, а со тоа и зголемен број на банкарски трансакции.

Со Финансискиот план за 2021 година, се предвидува недостиг на средства во износ од 32.700.000 денари, што се должи на потребата од набавка на софтвер за прибирање, обработка и чување на супервизорски податоци од субјектите на пазарот па осигурување. Недостигот па средства Агенцијата ќе го покрие од средствата од резервниот фонд, кои согласно член 158-н од Законот за супервизија на осигурување се користат за надоместување на повеќе направените трошоци во однос на остварените приходи.

Се укажува на преиспитување на потребата од набавка на компјутерска опрема, софтвер и софтверски лиценци во износ од 41.622.365 денари.

Исто така, се укажува дека Агенцијата за супервизија на осигурување треба да има предвид кога во финансиските планови не се предвидуваат капитални инвестиции, расходите да ги планира во висина на планираните приходи.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.315/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 50-а од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), поднесена од Тефик Махмут од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 50-а од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), во услови на вонредните околности од членот 50 став (9) од Законот за основното образование, во основното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација, на начин согласно со членот 50 став (9) од овој закон.

Средства за електронска комуникација, во смисла на овој закон, се средства кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес.

Во основното училиште во условите од ставот (1) на овој член, кога наставата е организирана преку далечинско учење, може да се организира настава со физичко присуство на учениците доколку се исполнети критериумите и условите согласно со протоколите и планот за одржување на наставата за основните училишта, донесени од

Владата на Република Северна Македонија согласно со закон, епидемиолошката и друга состојба на подрачјето на Општината на која се наоѓа училиштето, бројот на учениците во паралелката и просторните и хигиенско санитарните услови во училиштето, на начин согласно со членот 50 став (9) од овој закон.

Светската пандемија која настана со ширењето на Коронавирусот COVID - 19, ги истакна потребите и предизвиците, во такви услови да се обезбеди правото на образование и при тоа да се овозможи исто така највисокото универзално право на луѓето, а тоа е заштита на здравјето. Сите земји во светот се соочија со ситуација во која не постои можност за вообичаено функционирање на формалното образование, а потребно е да се обезбеди континуитет во образованието на сите ученици и притоа да се заштити и колективното здравје на учениците и луѓето.

Со цел заштита на колективното здравје и здравјето на децата во услови на пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID-19, а во насока на обезбедување на континуитет на образованието, Владата на Република Северна Македонија предложи, а Собранието го изгласа и донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.229/20), со кој се уредува начинот на реализацијата на наставата во основните училишта во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди).

Имено, во основното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација, за што одлучува Владата и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, кои на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

Со Уредбата за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/20) со членот 2 се пропишува дека наставата во основните училишта се реализира со физичко присуство на учениците во училиштето или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација. Ако наставата се реализира со физичко присуство на учениците во училиштето, истата се организира и реализира во група до 20 ученици, во училница со стандардна големина согласно нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија, со физичка раздалеченост меѓу учениците од најмалку 1.5 метри и со задолжително почитување на протокол кој се однесува за настава со физичко присуство.

Согласно членот 5 за учениците од прво до трето одделение наставата се реализира со нивно физичко присуство во просториите на училиштето, со максимално искористување на просторните и кадровските капацитети во училиштето и со задолжителна примена на сите заштитни епидемиолошки мерки утврдени во протокол кој се однесува за настава со физичко присуство и со согласност од родители/старатели на учениците. Ако родителот/старателот, сака неговото дете наставата да ја следи преку далечинско учење, поднесува изјава до училиштето дека ученикот ќе следи настава преку далечинско учење и со редовно присуство на наставата преку далечинско учење, согласно распоредот за часови на паралелката. За учениците чии родители/старатели поднеле изјава, училиштето организира настава преку далечинско учење.

Согласно членот 8 наставата за учениците од четврто до деветто одделение во основното образование се реализира со настава преку далечинско учење или со физичко присуство.

Согласно членот 11 за учениците од четврто до деветто одделение во училиштата во кои наставата се реализира со одобрение за физичко присуство, училиштето максимално ги искористува просторните и кадровските капацитети во училиштето и применува протокол кој се однесува за настава со физичко присуство.

Учениците во наставата со физичко присуство се вклучуваат со согласност од родителот/старателот.

Од страна на родителот/старателот кој не сака неговото дете наставата да ја следи со физичко присуство, се поднесува изјава до училиштето дека ученикот ќе следи настава преку далечинско учење и ќе биде редовно присутен на наставата преку далечинско учење, согласно распоредот за часови на паралелката.

За учениците чии родители/старатели поднеле изјава до училиштето за следење на наставата со учење на далечина, училиштето за тие ученици организира настава преку далечинско учење.

Согласно членот 19 од наведената уредба наставникот, согласно условите, можностите и специфичностите на наставната единица во рамки на одреден наставен предмет за време на реализацијата на наставниот час во училница, може да ги вклучи и учениците кои се дома, за што треба претходно да ги извести, да го сними реализираниот наставен час и да го испрати на учениците кои се дома, да одржи час само за учениците кои се дома и да им испрати на учениците соодветен видео час.

Во член 27 од Уредбата е уредено дека за учениците кои немаат пристап до информатичко-компјутерска технологија или интернет, од страна на училиштето се организира настава со физичко присуство во училиште, со согласност од родителите/старателите согласно оваа уредба.

Ако родителите не се согласуваат наставата да биде со физичко присуство, училиштето изготвува печатени материјали кои ги преземаат родителите во соработка со наставникот/класниот раководител/образовниот асистент.

Воедно, Владата донесе и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус Covid-19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 212/20 и 236/20) во која е уредено одржувањето на наставата во основните и средните училишта со почитување на Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година - прилог број 51, кој е составен дел на Одлуката.

Планот на Министерството за образование и наука за започнување на учебната 2020/2021 година се базира на потребата да се добијат максимални придобивки за учениците, наставниците и вработените во училиштата и пошироката заедница, а воедно да не дојде до ширење на COVID-19 во нашата држава, имајќи предвид дека едно од основните човекови права покрај образованието е и правото на здравје.

Во точка 7 од Планот е уредено дека за учениците кои немаат пристап до ИКТ или интернет, училиштето организира настава со физичко присуство во училиште, со согласност од родителите/старателите и исклучива согласност од Владата во утврдената постапка од точка 6 од овој План.

Доколку родителите не се согласуваат наставата да биде со физичко присуство, училиштето изготвува печатени материјали кои ги преземаат родителите во соработка со наставникот/класниот раководител/ образовниот асистент. Покрај ова во интерес на децата, училиштето во договор со родителите договараат најбезбеден начин за давање и преземање на учебните материјали, домашните задачи и други училишни обврски за учениците.

Од аспект на тврдењето дека „националната платформа за учење на далечина е достапна за сите корисници на македонски, српски, албански, турски и босански, но не е достапна на ромски јазик“, потребно е да се нагласи дека платформата е достапна на сите јазици на кои се реализира наставата во основните училишта.

Во нашата држава наставата се реализира на македонски, албански, турски, босански и српски наставен јазик.

Значи на учениците платформата им е достапна на јазикот на кој се реализира и ја следат наставата.

Учениците припадници на влашката, ромската, бошњачката, српската и турската заедница, во согласност со родителите, може да го изучуваат влашкиот, ромскиот, бошњачкиот, српскиот или турскиот јазик и култура.

Учениците кои ќе изберат еден од овие предмети го изучуваат континуирано.

Владата на Република Северна Македонија, заедно со единиците на локалната самоуправа и со компаниите и други партнери продолжува посветено да работи на обезбедување и подобрување на условите за настава со цел на секое дете да му обезбеди непречен пристап до образование.

Согласно член 110 алинеи 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија: одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Следствено на наведеното, се смета дека со член 50-а од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива поднесена од Тефик Махмуд од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 315/20.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Иницијатива поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.304/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020) и притоа го утврди следново мислење:

Најнапред, Владата начелно укажува на тоа дека подносителот на Иницијативата пред Уставен суд на Република Северна Македонија во целиот текст на Иницијативата го користи името Република Македонија наместо Република Северна Македонија што е спротивно на АМАНДМАНОТ XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија според кој „Во Уставот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите „Северна Македонија“, освен во членот 36 од Уставот на Република Македонија.“.

Ова е особено важно бидејќи Дарко Јаневски од Скопје како подносител на Иницијатива пред Уставниот суд на Република Северна Македонија со што претендира да биде „чувар на Уставот“, со непочитување на уставното име на државата манифестира селективно почитување на истиот акт кој сака да го „заштити“ со своите активности како што е оваа Иницијатива.

Особено важно е и дека подносителот на Иницијативата при читање на оспорениот правен акт, намерно или случајно (што не би смеело да му се случи на подносител на Иницијатива), пропуштил да ги нотира измените и дополнувањата на одредбите од оспорената Одлука. Тој ги оспорува одредбите од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20. Но, притоа ги игнорира измените и дополнувањата на Одлуката. Дел од одредбите што Дарко Јаневски ги оспорува во Иницијативата, со измените и дополнувањата на Одлуката се изменети или избришани со што не се дел од правниот поредок и со тоа неговата Иницијатива во делот во кој ги оспорува изменетите одредби е беспредметна и неоснована.

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 3 став 1 точка 16 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20).

Со членот 3 став 1 точка 16 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20), е пропишано:

„II. ОПШТИ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ
Член 3
Општите превентивни препораки се:
....
16. избегнување на движење на јавен простор (паркови, јавни површини или било која површина на отворено) на целата територија на Република Северна Македонија, во периодот по 21.00 часот, секој ден во текот на седмицата.“.

Според подносителот на иницијативата, нејасно е кога завршува периодот за избегнување на движење на јавен простор и како, доколку јавниот простор е со таква конфигурација и простор, да не може да се определи ќе се определи дали се работи за една група со повеќе од четири лица или 10 или повеќе групи од по четири лица.

Во таа смисла, со таква нејасна и непрецизна одредба, Владата на Република Северна Македонија предизвикала правна несигурност кај своите граѓани, а во однос на тоа дека правната сигурност е дел од владеењето на правото, оспорената Одлука не е во согласност со членот 8 ставот 1 алинеја 3 од Уставот.

Оспорената одредба е правно нормирана во главата II. насловена „Општи превентивни препораки“, што значи дека станува збор за одредби кои не создаваат обврска кај граѓаните за одредено поведение/однесување, не следуваат никакви санкции доколку граѓаните постапуваат спротивно од одредбата и надлежните органи не вршат контрола дали се почитува одредбата.

Првенствено оваа одредба е во функција на совет или поттик за самостојно одлучување на граѓанинот во примената, а секундарно оваа одредба зборува за движење. Имено, со оспорената одредба се препорачува избегнување на движење на јавен простор, што првенствено упатува на тоа дека одредбата зборува за движење, а не за групирање, па оттука нејасни и неосновани се аргументите на подносителот на Иницијативата во однос на определувањето на групите „на повеќе од четири лица“.

2. Исто така, подносителот на Иницијативата го оспорува и член 6 став 1 и 2 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20).

Со членот 6 став 1 и 2 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија бр.263/20“), е пропишано:

„Секое домашно или странско физичко лице на територијата на Република Северна Македонија задолжително треба да носи лична заштита на лицето согласно член 5 став 1 точка 1. од оваа одлука при излегување надвор од својот дом (живеалиште и/или престојувалиште) и тоа при движење во затворени објекти и на отворено, особено при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип (во установи од областа на образованието, во установи од областа на згрижување на деца, во установи од областа на културата, при возење во патничко моторно возило со лице/лица со кое/кои што не живее во заедничко домаќинство и други површини од затворен тип), на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, трговски центри, уплатно - исплатни места, молови, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени институции и слично).

Лицето од став 1 на овој член задолжително носи лична заштита на лицето во текот на целиот престој надвор од својот дом и истото е должно да ја почитува мерката и во услови кога одржува дозволено минимално растојание од најмалку еден и пол до два метри од друго лице при престојување или движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип.“.

Начелно се укажува дека одредбата која е оспорена од подносителот на Иницијативата произлегува од последните изменувања и дополнувања на Законот за заштита на населението од заразни болести, член 28 став 5 („Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.257/20), па оттука, оваа одредба е само правно нормирана, дефинирана и прецизирана во предметната одлука.

Притоа, посочуваме на уште еден правен факт, дека оваа одредба е во сила во правниот систем во Република Северна Македонија уште од почетокот на прогласувањето на пандемијата на COVID-19. Имено, истата беше правно нормирана од страна на Владата на Република Северна Македонија преку донесувањето на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, а имајќи ја предвид важноста на оваа уредба и конституирањето на Собранието на Република Северна Македонија и изборот на новиот состав на Владата на Република Северна Македонија, на предлог од стручната Комисија за заразни болести при Министерството за здравство, Владата достави предлог до Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на примена на оспорената одредба, овој пат правно нормирана во материјалниот закон и прецизирана во предметната одлука, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија.

Покрај наведените аргументи, треба да се има предвид дека оспорените формулации даваат јасна претстава во однос на тоа какво однесување се очекува од граѓаните. Тоа и самиот подносител го констатира кога дава одговор на сопственото прашање дали лицето треба да носи лична заштита кога е на планина или на место каде што во радиус од еден или повеќе од еден километар физички нема други лица или не живее никој, како и на сопствената констатација дека лицето е должно да има заштита на лицето без разлика дали растојанието помеѓу лицата е еден и пол или два метри, односно еден и пол или два километри. Според подносителот на Иницијативата, тоа е апсурдно, но тоа што според едно лице е апсурдно не значи дека е и нејасно и непрецизно и дека внесува доза на правна несигурност.

Беспредметно е елаборирањето на подносителот на Иницијативата по однос на одредбата од член 6 став 4 точка 4. со која се предвидуваат исклучоци од ставот 1 на истиот член, во делот каде што се даваат аргументи за неуставноста на сосема друга одредба и е надвор од аргументирањето на неговиот став за нејасноста на член 6 став 1 и 2.

Подносителот на Иницијативата тврди и се обидува да аргументира дека оспорените одредби се „нелогични„ и „апсурдни“, што го одразува неговиот личен субјективен став што е „логично“ и изразува несогласување со целите коишто се сака да се постигнат. Но, ова не значи дека одредбите се нејасни и непрецизни. Напротив тие не внесуваат ниту најмала доза на правна несигурност, бидејќи секому му е јасно, па дури на подносителот на иницијативата какво однесување се очекува од граѓаните.

3. Оспорени се и зборовите „заради спречување од внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (дистанца, дезинфекција и слично)“ од членот 6 став 4 точка 1 и 4 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20).

Со членот 1 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест Covid-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, е пропишано:

„Со оваа одлука се уредува примената на времените мерки утврдени во член 28 став (6) од Законот за заштита на населението од заразни болести, како и превентивните препораки, наредените мерки, наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување утврдени во член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести кои се наредуваат заради заштита на здравјето на населението на територијата на Република Северна Македонија и во функција на спречување на внесување, ширење, сузбивање и справување со последиците од заразната болест COVID19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, а согласно Пандемија прогласена од Светската Здравствена Организација, како и случаите во кои ќе се применат и временскиот период на нивната примена.“

Првенствено, се укажува дека терминологијата и дефинициите користени во предметната Одлука и нејзините одредби се базираат и во основа се исти како и одредбите и терминологијата користена во материјалниот Закон за заштита на населението од заразни болести и оттука има логичен правен след при формулирањето на одредбите и во Одлуката.

Исто така, укажуваме дека зборовите „заради спречување од внесување и ширење на Коронавирус COVID-19“ од членот 6 став 4 точка 1 и 4 од Одлуката, се употребени во согласност со членот 1 од Одлуката што е во сила, а ја опишува и објаснува „функцијата“ или целта што се сака да се постигне со „превентивните препораки, наредените мерки, наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување“, па оттука и со „наменските протоколи“ кои се протоколи за заштита заради спречување од внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, вклучувајќи ги и протоколите наведени во членот 6 став 4 точка 1 и 4 од Одлуката. Овие протоколи се составен дел од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, како што беа и составен дел од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 што престана да важи со донесувањето на оспорената Одлука.

4. Подносителот на иницијативата го оспорува и член 12 став 2 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20).

Со членот 12 став 2 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20), е пропишано:

„Забраната од став 1 на овој член важи за групирање на повеќе од 4 лица на јавен простор (паркови, јавни површини или било која површина на отворено) на целата територија на Република Северна Македонија, во периодот по 21:00 часот, секој ден во текот на седмицата.“.

Според подносителот на Иницијативата, нејасно е кога завршува периодот за избегнување на движење на јавен простор и како, доколку јавниот простор е со таква конфигурација и простор, да не може да се определи ќе се определи дали се работи за една група со повеќе од четири лица или 10 или повеќе групи од по четири лица.

Во таа смисла, со таква нејасна и непрецизна одредба, Владата на Република Северна Македонија предизвикала правна несигурност кај своите граѓани, а во однос на тоа дека правната сигурност е дел од владеењето на правото, оспорената Одлука не е во согласност со членот 8 ставот 1 алинеја 3 од Уставот.

Подносителот на Иницијативата при читање на овој правен акт, намерно или не, пропуштил да ги нотира измените и дополнувањата на одредбите од предметната Одлука, како што веќе наведовме на почетокот на овој допис. Конкретно, оспорената одредба е изменета од страна на Владата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.269/20), односно времетраењето на забраната е избришано, а предметната забрана се однесува на целото деноноќие.

5. Оспорен е и членот 13 став 1 точка 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/20).

Со членот 13 став 1 точка 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија бр.263/20"), е пропишано:

„IV. ДРУГИ НАРЕДЕНИ МЕРКИ
Член 13
Се наредуваат следниве мерки:
....
12. Се затвораат за посетители - гости по 21.00 часот сите угостителски објекти, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) или на бензинските станици, а оние угостителски објекти кои вршат подготовка и продажба на храна можат да остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн или телефонски нарачки и слично) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт).".

Подносителот на Иницијативата не изнесува аргументи што се во прилог на тврдењето дека оспорената одредба е нејасна и непрецизна, туку тврдења дека ваквата одредба ќе доведе до зголемување на сиромаштијата и страдање на економијата. Тој се занимава со сопствена анализа на ефектите од оспорената одредба и ги изнесува како аргументи против таквата одредба во правниот систем. Но, таквите аргументи не се во прилог на тврдењето дека одредбата е спротивна на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија бидејќи истата е конципирана како јасна и прецизна норма и секому му е јасно, па дури на подносителот на иницијативата какво однесување се очекува од граѓаните.

6. Исто така, оспорени се и зборовите „до завршување на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската здравствена организација" од членот 16 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/20).

Со членот 16 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20), е пропишано:

„VI. ПЕРИОД НА ПРИМЕНА
Член 16
Превентивните препораки, времените мерки, наредените мерки, наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување од оваа одлука ќе се применуваат до завршување на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската здравствена организација.“.

Со оглед на тоа дека Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20) е донесена од Владата на Република Северна Македонија и претставува дел од правниот поредок на Република Северна Македонија, истата ќе престане да важи кога Владата на Република Северна Македонија ќе донесе Одлука за престанок на оспорената Одлука врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19). Оттука, таа нема да престане по автоматизам кога Светската здравствена организација ќе прогласи завршување на пандемијата, туку ќе престане кога надлежен орган ќе донесе соодветна одлука. А тој надлежен орган одлуката за престанок на оспорената Одлука ќе ја донесе кога надлежните органи од областа на здравство ќе направат анализа и ќе дадат препорака заснована на релевантни податоци дека пандемијата на територијата на Република Северна Македонија завршила. Тоа практично значи дека превентивните препораки, времените мерки, наредените мерки, наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување од оспорената Одлука ќе се применуваат до завршувањето на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската здравствена организација на територијата на Република Северна Македонија, односно до донесување од страна на Владата на одлука за престанок на оспорената Одлука согласно членот 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија.

***

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека член 3 став 1 точка 16, член 6 став 1 и 2, зборовите „заради спречување од внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (дистанца, дезинфекција и слично)“ од членот 6 став 4 точка 1 и 4, член 12 став 2, член 13 став 1 точка 12, зборовите „до завршување на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската здравствена организација“ од членот 16 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 точка 16, член 6 ставови 1 и 2, зборовите „заради спречување од внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (дистанца, дезинфекција и слично)“ од членот 6 став 4 точки 1 и 4, член 12 став 2, член 13 став 1 точка 12,

зборовите „до завршување на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската здравствена организација“ од членот 16 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20).

**Точка 70**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.305/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 28 став 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести и членот 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/2020 и 269/2020) и притоа го утврди следното мислење:

Најнапред, Владата начелно укажува на тоа дека подносителот на Иницијативата пред Уставен суд на Република Северна Македонија во целиот текст на Иницијативата го користи името Република Македонија наместо Република Северна Македонија што е спротивно на АМАНДМАНОТ XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија според кој „Во Уставот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборот „Македонија“ се заменува со зборовите: „Северна Македонија“, освен во членот 36 од Уставот на Република Македонија.“.

Ова е особено важно бидејќи Дарко Јаневски од Скопје како подносител на Иницијатива пред Уставниот суд на Република Северна Македонија со што претендира да биде „чувар на Уставот“, со непочитување на уставното име на државата манифестира селективно почитување на истиот акт кој сака да го „заштити“ со своите активности како што е оваа иницијатива.

Особено важно е и дека подносителот на Иницијативата при читање на оспорениот правен акт, намерно или случајно (што не би смеело да му се случи на подносител на Иницијатива), пропуштил да ги нотира измените и дополнувањата на одредбите од оспорената Одлука. Тој ги оспорува одредбите од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритни за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена, објавени во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20). Но, притоа ги игнорира измените и дополнувањата на Одлуката.

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 28 став 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20).

Според подносителот на Иницијативата, законодавецот предизвикал правна несигурност и дискриминација кај граѓаните со членот 28 став 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20).

Правната несигурност ја образложува со тврдењето дека нема логика и оправданост граѓаните да носат заштита на лицето без разлика на физичкото растојание помеѓу едно и друго лице („што доколку во радиус од еден или повеќе километри нема друго лице“).

Дискриминацијата ја образложува со пропишаниот исклучок лицата кои седат во угостителски објект да не носат заштита на лицето, а лицата кои се во движење и не седат во угостителскиот објект задолжително да носат заштита на лицето.

Законодавецот оставил Владата на Република Северна Македонија да одлучува арбитрарно и дискриминаторски кои од мерките од ставот 6 ќе се применат, случаи во кои ќе се применат и за кој временски период, тврди Дарко Јаневски. Тоа е предвидено со ставот 8 од членот 28 од Законот, кој став не е предмет на оспорување на Иницијативата на Дарко Јаневски, па оттука не треба да се земе предвид при оценување на основаноста на неговата Иницијатива.

Подносителот на Иницијативата ги посочува како „дискриминаторски“ и „нејасни“ исклучоците од обврската за задолжително носење лична заштита на лицето, што се наведени во точката 1., 4. и 6., односно при спортување на отворен и на затворен простор со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично), при седење во угостителски објект со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично) и ако лицето е помладо од 6 годишна возраст (дете).

Потоа, со цел да даде пример за да илустрира дека исклучокот од точката 1 од ставот 6 на членот 28 од Законот е „нејасен и непрецизен“ прашува дали инспекторите и полициските службеници се едуцирани за да ги препознаат сите спортови кои граѓаните можат да ги практикуваат, па го наведува спортот „брзо одење“ како пример на спорт со чие постоење можеби тие не се запознаени, што ја прави нормата да биде нејасна и неприменлива.

Прецизни, недвосмислени и јасни норми се обврска на законодавецот, бидејќи само таквите правни норми можат да претставуваат солидна основа за постапување од страна на државните органи, што значи дека само јасните и прецизните норми ја гарантираат правната сигурност на граѓаните како составен дел на принципот на владеењето на правото. Владеењето на правото, подразбира доследна примена на законските прописи, кои треба да се општи, точно одредени и недвосмислено формулирани правила.

Јазичното изразување во прописите и начинот на нормирање (во конкретниот случај, таксативното нормирање) е начин и средство за проследување на содржината на прописот до неговиот адресат, односно субјектот кој го спроведува прописот.

Кога се тврди дека нормата е нејасна, тоа значи дека граѓаните кои треба да ја применуваат не ја разбираат. Субјектите кои го применуваат законот треба да ја разберат одредбата, пред истата правилно да ја применат. Но, тоа што го тврди Дарко Јаневски не е дека граѓаните не ја разбираат, тој тврди дека надлежните органи за контрола на спроведувањето на овие одредби не се едуцирани, односно немаат доволно знаење за правилно да ја контролираат примената на посочената одредба, што не е поврзано со самата норма и употребеното јазично изразување и начин на нормирање кога истата е пропишана.

Одредбата од точката 1 од ставот 6 на членот 28 од Законот гласи „при спортување на отворен и на затворен простор со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично)“.

Во нормирањето на оваа одредба употребени се неколку зборови со универзално значење. Спортување е која било телесна активност која што ја зголемува или одржува физичката форма, општото здравје и добросостојба. Спортот влијае на целокупниот организам. Покрај очигледните физички бенефити, со спортските активности можеме да ја унапредиме и менталната дисциплина, да ја зголемиме концентрацијата и да го поправиме расположението. Спортот асоцира на здрав живот. Докажано е дека честото и редовно аеробно вежбање помага во превенција и во лечење од тешки и хронични состојби заканувачки по животот, како што се високиот крвен притисок, дебелината, срцевата болест, дијабет тип 2, несоница и депресија. Според Светската здравствена организација, недоволната физичка активност придонесува за приближно 17% од срцевите болести и дијабет, за 12% од паѓањата во подоцнежните години и за 10% од ракот на дојка и дебелото црево.

Оттука, може да се заклучи дека нормата е прецизна, недвосмислена и јасна и дека исто таква е и причината за нејзиното пропишување која е тесната поврзаност на спортувањето со здравјето на луѓето. Маската при спортување може да го загрози дишењето поради што се дозволува лицата кои спортуваат да не ги носат во текот на таа активност. Исто така, јасно, прецизно и недвосмислено е пропишано дека во услови на пандемија, во затворен простор може да се спортува само со примена и почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично).

Исклучокот пропишан со точката 4 од ставот 6 на членот 28 ги утврдува правилата/условите според кои може да се седи во угостителски објект, а тоа е со примена и почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично). Угостителските објекти работат, тие не се затворени и избор на секој граѓанин е дали ќе користи угостителски услуги. Сите угостителски објекти имаат право да работат доколку ги почитуваат специфичните протоколи за заштита.
Исто така, сите граѓани имаат право да ги користат угостителските услуги и да седат во угостителски објекти доколку се почитуваат специфичните протоколи за заштита.

За угостителските објекти се пропишани повеќе протоколи за заштита (меѓу кои, растојание меѓу маси, број на лица кои можат да седат на една маса, дозволени децибели на бучавост и друго), што обезбедуваат заштита од внесување и ширење на заразната болест COVID-19. Во таква околина каде што се применуваат специфичните протоколи за заштита, законодавецот дозволил неносење на лична заштита на лицето. Исклучокот од точката 4 од ставот 6 на членот 28 од Законот не може да биде и не е „дискриминаторски“, бидејќи дискриминација значи секое правење разлика, искористување или ограничување на луѓето врз основа на нивните колективни идентитети (пол/род, класа, етнос) со што ги загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на нивните човекови права и слободи, а во конкретниот случај истиот човек кој е во движење и не седи во угостителски објект (и носи лична заштита на лицето), може да влезе во угостителски објект и да седне за да користи угостителски услуги (и да ја извади личната заштита на лицето).

Исклучокот пропишан со точката 6 од ставот 6 на членот 28 утврдува категорија на лица на кои не се однесува обврската за задолжително носење лична заштита на лицето, а тоа се лица помлади од 6 годишна возраст (дете).

Според Дарко Јаневски, погрешна е претпоставката на законодавецот дека на дете на 7 годишна возраст е позрело од дете на 6 годишна возраст.

Законодавецот при конципирање на оспорената норма се раководел од препораките на Светската здравствена организација (СЗО) и УНИЦЕФ, а тоа се следните (овие информации се достапни и можат да бидат прочитани на веб-страницата на УНИЦЕФ):

„Дали децата треба да носат маска?

СЗО советува луѓето секогаш да ги консултираат и да ги почитуваат практиките препорачани од локалните власти во подрачјето во кое живеат. Меѓународната мултидисциплинарна експертска група што ја состави СЗО, ги разгледа доказите за болеста COVID-19 и нејзиното пренесување кај децата, како и ограничените достапни докази за користење на маски меѓу нив.

Врз основа на ова и на други фактори, како што се психо-социјални потреби и развојни показатели на детето, СЗО и УНИЦЕФ го советуваат следново:
Децата на возраст до 5 години не треба да носат маски. Ова е врз основа на безбедноста и вкупниот интерес на детето, како и врз основа на неговата способност соодветно да користи маска со минимална помош.

СЗО и УНИЦЕФ советуваат одлуката за користење маски кај деца на возраст од 6 до 11 години да се заснова на следниве фактори:
• Дали вирусот е многу распространет во подрачјето каде што живее детето
• Способноста на детето безбедно и соодветно да користи маска
• Пристап до маски, но и перење и замена на маски во одредени средини (како што се училиштата и службите за згрижување деца)
• Соодветен надзор од возрасни лица и упатства за детето како да ја стави, да ја извади и безбедно да ја носи маската
• Потенцијално влијание од носењето маска врз учењето и психо-социјалниот развој, во консултација со наставниците, родителите/старателите и/или давателите на медицинска заштита
• Конкретната средина и интеракциите што ги има детето со други луѓе кои имаат голем ризик од развивање сериозна болест, како што се постари лица и лица со други здравствени состојби.

СЗО и УНИЦЕФ советуваат децата на возраст од 12 и повеќе години да носат маска под исти услови како и возрасните, особено кога не може да се гарантира барем еден метар оддалеченост од другите и кога болеста е широко распространета во подрачјето во кое живеат.
Има ли ситуации кога деца на возраст до 5 години може или мора да носат маска?

Општо, децата до 5 години не треба да носат маски. Овој совет е врз основа на безбедноста, вкупниот интерес на детето и способноста за соодветно користење маска со минимална помош. Може да постојат локални барања за децата на возраст до 5 години да носат маски или да има конкретна потреба во одредени услови, како што е физичка близина до некој што е болен. Во овие околности, ако детето носи маска, родителот или друг старател треба да може директно да го гледа за да ја надгледува безбедната употреба на маската.

Дали децата треба да носат маска кога се занимаваат со спорт или кога се физички активни?

Децата не треба да носат маска кога се занимаваат со спорт или кога имаат физички активности како трчање, скокање или играње на игралиште, за таа да не им го загрози дишењето. При организирање вакви активности за децата, важно е да се поттикнат сите други критични јавно-здравствени мерки: одржување барем еден метар оддалеченост од другите, ограничување на бројот на деца што играат заедно, обезбедување пристап до погодности за хигиена на рацете и поттикнување нивна употреба.“.

Подносителот на Иницијативата ги цитира и оспорува точките 1., 4. и 6. Од ставот 6 на членот 28 од Законот. Не ги оспорува останатите точки од ставот 6 на цитираниот член. Оттука, потребно е тоа да биде прецизирано во Иницијативата и земено предвид од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија при оценување на основаноста на неговата Иницијатива.

2. Исто така, подносителот на Иницијативата го оспорува и член 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20 и 269/20).

Начелно се укажува дека одредбата која е оспорена од подносителот на Иницијативата произлегува од последните изменувања и дополнувања на Законот за заштита на населението од заразни болести, член 28 став 5 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20), па оттука, оваа одредба е само правно нормирана, дефинирана и прецизирана во предметната Одлука.

Исклучоците од забраната за групирање, наброени во ставот 2 на членот 12 на Одлуката, се пропишани со цел да се овозможи во услови на пандемија на заразната болест COVID-19 функционирање на општеството во целина или поспецифично и поконкретно, функционирање на потесните семејства (родители и деца), транспортот на патници, спроведување на образованиот процес, работење на економските оператори и на другите деловни субјекти, на есенцијалните служби, на службите на итна медицинска помош и друго, под услов да се почитуваат протоколи за заштита и превенција од внесување и ширење на заразната болест.

Неопходно е да се создадат услови за функционирање на македонското општество во услови на пандемија на COVID -19 поради тоа што здравствено-економската криза предизвикана од COVID -19 веќе се одразува врз македонското општество.

Владата на Република Северна Македонија воведува мерки за заштита на здравјето на граѓаните, но истовремено и мерки да се намали негативниот ефект од кризата во оваа вонредна состојба. Проценките на ефектите од економска криза во замав укажуваат дека цели групи луѓе ќе паднат во сиромаштија. Учениците и студентите изолирани од врсниците се справуваат секојдневно со онлајн училници.

Пролонгираната изолација и попречената социјализација имаат негативен ефект врз менталното здраво и психолошката состојба на населението.

Од анализата на образложението и аргументите на Дарко Јаневски може да се заклучи дека тој смета дека треба да се прошири кругот на лица и опфатот на ситуации во кои важат исклучоците од забраната за групирање. Доколку е така, тој има можност да поднесе предлози за изменување и дополнување на предметната Одлука до Владата на Република Северна Македонија и ресорното Министерство.

Покрај наведените аргументи, треба да се има предвид дека оспорените формулации даваат јасна претстава во однос на тоа какво однесување се очекува од граѓаните.
Подносителот на Иницијативата ги цитира, оспорува и аргументира своите тврдења за неуставност за ставот 1 и точките 5 и 7 од ставот 2 на членот 12 од Одлуката. Не ги аргументира оспорувањата на останатите ставови и точки од цитираниот член. Оттука, потребно е тоа да биде прецизирано во Иницијативата и земено предвид од страна на

Уставниот суд на Република Северна Македонија при оценување на основаноста на неговата Иницијатива.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 28 став 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20) и член 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID -19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20 и 269/20), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 28 став 6 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20) и член 12 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20 и 269/20).

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули за купопродажба на недвижен имот со КП 858, дел 2, викано место/улица Рупа, Имотен лист бр.49246 за КО Бардовци и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Буџи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир на КП бр.1036, КП бр.1037/1, КП бр.1038/1, КП бр.1040, КП бр.1041, КП бр.1042, КП бр.1043, КП бр.1044/1, КП бр.1044/2, КП бр.1048, КП бр.1049, КП бр.1056/2, КП бр.1255, КП бр.1258, КП бр.1260, КП бр.1262/1, КП бр.1264/1 и КП бр.1265/2 место/улица „Дижонска“, со дополнувањето и по Понудата го усвои новото Известување од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за продажба на сопственички дел од недвижен имот-земјиште кое претставува идеален дел од КП бр.10070/1, КП бр. 10070/2, КП бр. 10070/3 и КП бр. 10070/4 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион евидентиран во Имотен лист број 94890 и недвижен имот-земјиште кое претставува идеален дел од КП бр. 10077/1, КП бр. 10077/2 и КП бр. 10077/3 за КО Ѓорче Петров 3 - Дексион евидентиран во Имотен лист број 94891 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот кој се наоѓа во Скопје, нива во мв/ул. „Песовци“, катастарска култура

33, класа 2 во вкупна површина од 2568 $м^2$ КП 9270 дел 1 заведена во Имотен лист број 192086 за КО Драчево 2 и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.55123 за КО Прилеп на КП бр. 20761/1 и КП бр. 20761/2 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Даница Страчкова од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба доставен под И.бр.568/19 на недвижноста евидентирана на ИЛ 432 КО Матка - вон град која ќе се одржи на 4 февруари 2021 година и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 78**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за периодот од 23 јануари 2021 до 29 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата по повод одбележувањето на 149 години од раѓањето на Гоце Делчев, заклучи:

1) Делегација во состав: м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, ќе положи цвеќе на гробот во црквата Св. Спас на 4 февруари 2021 година, во 11 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди икебана цвеќе и да го достави до локацијата.

3) Се задолжува одделението за протокол да определи протоколарно лице кое ќе ја проследи Делегацијата на локација.

4) За одбележувањето се задолжува Секторот за односи со јавност да организира владин продукциски тим и да подготви медиумски пакет за јавноста.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди Делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

**3.** Владата го разгледа Барањето за изменување на заклучоците по точка 47 (Информација за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог - одлука и Физибилити студија) од седницата одржана на 15.12.2020 година и заклучи заклучоците 2 и 3 од Нацрт-записникот од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 декември 2020 година, а во врска со Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог - одлука и Физибилити студија (Точка 47) да се изменат и да гласат:

„2. Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за енергетика), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за трговија), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението на производителите на тутун и производи од тутун), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија) да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата, која да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави предлог - правни акти (законски и подзаконски) за функционирање на Електронскиот систем за следење на акцизни добра (track and trace).

3. Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за енергетика), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за трговија), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението на производителите на тутун и производи од тутун), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за земјоделство и прехранбена индустрија) во рок од три дена да номинираат по еден член и заменик - член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на систем за следење на акцизни добра, која во рок од 30 дена до Владата да го достави Јавниот повик и Тендерската документација, како и да подготви акциски план за сузбивање на нелегалната трговија со режаниот тутун.“.

**4.** Владата заклучи точка 30 од Предлог - кадровските прашања разгледани на 41-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јануари 2021 година, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Велес нема да се реализира.

**5.** Владата ги донесе:

1) Одлуката за поништување на Одлуката за распишување Оглас за именување на еден државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Велес и

2) Одлуката за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Велес.

3) Владата на Армир Садики му утврди престанок на правото да остварува плата по престанувањето на функцијата вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, заклучно со 1.2.2021 година, на негово барање поради стапување на друга должност.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 20 јануари 2021 година до 26 јануари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го симна од дневен ред Одговорот на Извадокот од Нацрт - записникот од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија.

**8.** Владата по Барањето на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, заклучи во Точка 17 од Четириесеттата седница на Владата, одржана на 19 јануари 2021 година заклучокот број два да се измени и да гласи:

„2. Го определи Стојан Славески, директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за заемна заштита на разменетите класифицирани информации.“.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки во однос на плановите за учество на Република Северна Македонија во ЕУБГ 2023/1 - HELBROC, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го разгледа Финансискиот план на Акционерско друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Северна Македонија“, во државна сопственост - Скопје за 2021 година, како материјал за информирање, при што да се имаат предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 82**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за кредитни барања кои ги исполнуваат условите за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (КОВИД 3 кредитна линија), како материјал за информирање.

Исто така, да се има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 84**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенција за вработување на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на засилен инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за заштита од пушење, во однос на почитувањето на одредбите за забрана на пушење во јавни простории, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за реализација на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2020 година.

**Точка 87**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог - одлука, условно ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство поради потребата Државниот пазарен инспекторат да достави позитивно мислење по материјалот.

**Точка 88**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2021 година (нов текст), со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 89**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 91**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на софтверско решение за потребите на Оперативната работна група за Кодификација на правото и правниот поредок во Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Оперативната работна група да достави до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија податоци за предметот на набавка, целите на системот и детален опис на бараното софтверско решение од структурен и содржински аспект, во рок од пет работни дена.

2. Се укажува на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да започне со изработка на тендерската документација за софтверското решение во рок од пет работни дена по добивање на соодветните податоци од Оперативната работна група.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда во Образецот за проценка на фискалните импликации да го наведе износот на средствата кои се потребни за набавка на софтверот и буџетскиот корисник од каде ќе се користат овие средства.

**Точка 93**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата со измена и дополнување на Планот за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички

систем и односи меѓу заедниците вработени преку К-5 Програмата, со текст на План и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои изменетиот и дополнет План за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К-5 Програмата.

2. Министерството за финансии дава општа согласност за изменетиот и дополнет План за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците вработени преку К-5 Програмата.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од седум дена од приемот на актите за систематизација од органите на државната управа, односно институциите кои немаат статус на орган на државна управа усогласени според распоредувањето во изменетиот и дополнет План за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К-5 Програмата, во рамки на своите надлежности и овластувања да ја заврши постапката на давање согласност на актите за систематизација на работни места.

4. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во рок од 15 дена да подготви поединечни решенија за трајно упатување на нераспределените административни службеници во органите на државната управа, односно институциите кои немаат статус на орган на државна управа опфатени во изменетиот и дополнет План за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К-5 Програмата.

5. Се задолжуваат органите на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа опфатени во изменетиот и дополнет План за преземање на нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К-5 Програмата, во рок од пет дена од приемот на решението за трајно упатување на нераспределените административни службеници, да подготват и донесат поединечни решенија за распоредување на секој вработен кој потпишал изјава за прифаќање на решението за трајно упатување.

6. Се задолжуваат органите на државна управа, а се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа, за вработените кои ќе ги преземат да организираат стручно усовршување со цел унапредување на нивните знаења и вештини во извршувањето на работите и работните задачи предвидени со работното место на кое ќе бидат распоредени.

7. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 30 дена од приемот на барањето од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, да ги евидентира на трансфер листата на можни преземања вработените кои нема да ја потпишат изјавата за прифаќање на решението за трајно упатување.

8. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија врз основа на поединечното решение за трајно упатување, изјавата за прифаќање на решението за трајно упатување и решението за распоредување да направи одјава од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и пријава на вработениот во органот на државна управа, односно институцијата која нема статус на орган на државна управа, согласно изменетиот и дополнет План за преземање на

нераспределените административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, вработени преку К-5 Програмата.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за измена на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, која предлагачот редакциски да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 96**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со барање за ослободување од камата на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје бр.03-573/1 од 21.1.2021 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведување на постапка за присилно извршување на Одлуката во инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија (арбитражната постапка PCA Case No.2018-38), со прилог Полномошно за застапување и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело, во рок од три дена да го потпише Полномошното за застапување и да го достави до адвокатската куќа без одлагање.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Artan Grubi** |